Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Агенција за управување со одземен имот
Бр03-4077/4 од 01.09. .2026 година
С К О П Ј Е

Врз основа на член 21 и член 22 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен Весник на Република Северна Македонија" бр.64/24, 37/25, 86/25, 101/25, 135/25 и 132/26) и член 25 став 1 и член 40 став 1 точка 4 од Законот за безбедност на мрежи и информациски системи („Службен весник на Република Македонија" бр. 135/25), Директорот на Агенцијата за управување со одземен имот, донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е
## за назначување на офицер за сајбер безбедност во Агенцијата за управување со одземен имот

1.Се назначува административниот службеник Давид Милановски - Советник за управување и спроведување на постапка за продажба на одземен имот, Одделение за продажба и управување со одземен имот, Сектор за оперативно работење, за офицер за сајбер безбедност во Агенцијта за управување со одземен имот, сметано од 01.09.2026 година.

2.Административниот службеник од точка 1 од ова решение е должно:

1) спроведување и/или надзор на соодветната примена на одредбите содржани во овој закон и други подзаконски акти ;

2) следење и примена на меѓународни технички стандарди и правила, прописи за сајбер безбедност;

3) изработка и спроведување на сајбер безбедносна програма која ќе опфати политики, процедури и мерки за заштита од сајбер напади и зголемување на сајбер отпорноста на информациски технологии и оперативни технологии;

4) откривање на структурни и системски слабости и ризици во информациско комуникациските системи и мрежи, како и во физичката и виртуелната инфраструктура;

5) дефинирање на сценарија и процена на ризици по сајбер безбедноста во процесот на воспоставување на систем за управување со ризици;

6) редовно следење на ранливоста на системите, следење и проценка на актуелните опасности кон мрежните податоци и воведување мерки за ублажување на последиците од сајбер инциденти;

7) обезбедување на ажурирање на хардверските уреди и софтверските апликации;

8) координација во справувањето со потенцијалните сајбер напади и инциденти преку учество во преземање мерки за заштита на системите;

9) комуникација со раководните лица и останатите единици, како и со други засегнати субјекти за прашања од сајбер безбедноста во енергетиката;

10) редовна комуникација и координација со надлежниот орган и надлежниот тим за одговор на компјутерски инциденти и

11) задолжително и без одлагање пријавување на значајни сајбер безбедносни инциденти до надлежниот тим за одговор на компјутерски инциденти.

3.Офицерот за сајбер безбедност директно одговара пред раководните лица на суштинскиот субјект.

4.Офицерот за сајбер безбедност е должен да ја почитува тајноста или доверливоста во однос на извршувањето на своите работи, во согласност со закон.

5.Заради специфичност на работните задачи и прилагодување на пазарот на труд на административниот службеник од точка 1 од ова решение му се исплаќа додаток плата во износ од 40 % од основната плата.

6.Ова решение влегува во сила од денот на донесувањето.

7.Решението за назначување на офицер за сајбер безбедност во Агенцијата за управување со одземен имот бр.03-3242/1 од 01.07.2026 година, се става ВОН ПРАВНА СИЛА.

8.Решението да се објави на веб страната на Агенцијата за управување со одземен имот и огласната табла на Агенцијата.

# О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на член 21 и член 22 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр.64/24, 37/25, 86/25, 101/25, 135/25 и 132/26) и член 25 став 1 од Законот за безбедност на мрежи и информациски системи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 135/25), институциите од членот 4 ставот (1) од овој закон, во зависност од видот и бројот на мрежни и информациски системи и бројот на вработени во институцијата се должни да назначат еден или повеќе административни службеници како офицери за сајбер безбедност.

Согласно 40 став 1 точка 4 од Законот за безбедност на мрежи и информациски системи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 135/25), заради специфичност на работните задачи и прилагодување на пазарот на труд додаток на плата во износ од 40 % од основната плата се исплаќа на офицерите за сајбер безбедност.

Со Решение за назначување на офицер за сајбер безбедност во Агенцијата за управување со одземен имот бр.03-3242/1 од 01.07.2026 година административниот службеник Мартин Петковски, вработен во Агенција за управување со одземен имот на неопределено време, распореден на работно место Помлад соработник за информатичка поддршка во Одделение за општи работи, Сектор за оперативно работење беше назначен за офицер за сајбер безбедност во Агенцијта за управување со одземен имот.

Со Решение за времено распоредување на административен службеник во друга институција бр.04-4008/4 од 31.08.2026 година административниот службеник привремено е распореден од Агенција за управување со одземен имот на работно место Помлад соработник за информатичка поддршка, во Одделение за општи работи, во Сектор за оперативно работење, со звање помлад соработник и шифра на работно место УПР0101В04000 во Министерство за дигитална трансформација на работното место Помлад соработник за техничка поддршка на институции од јавен сектор, во Одделение за техничка поддршка за МДТ и институции од јавен сектор, во Сектор за поддршка и развој на информатичко општество, со звање помлад соработник и шифра на работно место УПР0101В04000, заради времено зголемен обем на работа.

Врз основа на погоре наведеното, а член 21 и член 22 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр.64/24, 37/25, 86/25, 101/25, 135/25 и 132/26) и член 25 став 1 и член 40 став 1 точка 4 од Законот за безбедност на мрежи и информациски системи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 135/25), се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Директор на
Агенција за управување со одземен имот
Ирена Илиевска

Изработил: Кристијан Петковски
Контролирал: Неџмедин Фејзула
Одобрил: м-р Анита Бошкова

Доставено до:
-адмиистративниот службеник
-архива
-Сектор за оперативно работење
-Сектор за правни работи
-Сектор за финансиски прашања
-Одделение за управување со човечки ресурси